**20130932229**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ, НАМЕНЕТ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНО ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ „ВЕТЕРЕН ПАРК БОГДАНЦИ“, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ КРЕДИТНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА – КФВ И АД ЕЛЕМ

Се прогласува Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем, наменет за дополнително финансирање на проектот „Ветерен парк Богданци“, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова – КФВ и АД ЕЛЕМ,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 1 јули 2013 година.

Бр. 07–2644/1
1 јули 2013 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ, НАМЕНЕТ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНО ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ „ВЕТЕРЕН ПАРК БОГДАНЦИ“, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ КРЕДИТНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА - КФВ И АД ЕЛЕМ

Член 1

Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова - КфВ и АД ЕЛЕМ за дополнително финансирање на проектот „Ветерен парк Богданци“ во износ од 15.000.000 евра, во рокови и услови предвидени во Договорот за заем, доколку АД ЕЛЕМ не ги исполнува и сервисира обврските од Договорот за заем.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон, се утврдуваат со Договор за заем, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова - КфВ и АД ЕЛЕМ за дополнително финансирање на проектот „Ветерен парк Богданци“.

Член 3

Сите обврски кои произлегуваат од Договорот за заем од членот 1 од овој закон, како и сервисирањето на заемот ќе го врши АД ЕЛЕМ од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Договорот за заем.

Член 4

Рокот на отплата на заемот од членот 1 од овој закон е 12 години, со вклучен грејс период од три години.

Каматната стапка е фиксна каматна стапка и истата дополнително ќе биде утврдена на денот на потпишувањето на договорите.

Заемот ќе се отплаќа во полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање на 30 јуни и 30 декември.

Член 5

Пред првото повлекување на средства од заемот се плаќа еднократна провизија на Кредитната банка за обнова - КфВ во износ од 0,5% од износот на заемот.

На износот на не повлечените средства од заемот на годишно ниво се плаќа провизија на Кредитната банка за обнова - КфВ во износ од 0,25% од износот на заемот.

Провизијата од ставот 2 на овој член се плаќа полугодишно и тоа на 30 јуни и 30 декември секоја година.

На обврските поврзани со заемот кои нема да се платат во предвидените рокови, ќе се плаќа казнена камата во висина на базичната каматна стапка на Централната банка на СР Германија зголемена за 3% годишно.

Во случај на ненавремено или нецелосно повлекување на средствата од заемот до предвидениот рок, ќе се плати определен износ на средства како надоместок на трошоците на Кредитната банка за обнова - КфВ, согласно со Договорот од членот 1 од овој закон.

Член 6

За регулирање на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од Договорот за заем и Договорот за гаранција, Министерството за финансии и АД ЕЛЕМ ќе склучат посебен договор.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".